Друштво за производство, трговија и услуги
Бобо Комерц доо...
Бр. 03/17
13.02. 2015 год.
ШТИП

Друштво за производство и трговија
Бау инжeнеринг дооел
Бр. 0307-6
13.02 2015 год.
Штип

# Д О Г О В О Р

## ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Заклучен на ден 01.01.2015 год. помеѓу:

1. "БОБО КОМЕРЦ" Доо Штип претставувано од управителот Драган Милошев како давател на услугата од една страна и

2. "БАУ ИНЖИНЕРИНГ" од Штип на ул."Брегалничка" бр.5, претставувано од управителот Панева Силвана како корисник на услугата од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

Член 1

Договорените странки се спогодија за деловна соработка- извршување на услуга:
-снабдување со санитарно-техничка вода

## ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ

Член 2

Давателот на услугите е должен редовно и квалитетно да ги извршуват сите услуги кој се предмет на овој договор, а при тоа почитувајки ги сите одредени со закон прописи и технички пропишани параметри.

Член 3

Давателот на услугите е должен редовно да врши тековно и инвестиционо одржување на сите елементи од мрежата кои ги користи корисникот до мерното место.

Член 4

Давателот на услугите е должен да го извести корисникот најкасно 24 часа пред неможноста за исполнување на некои од изведените услуги, а поради постоење на некоја објективна или субјективна причина. Известувањето треба да биде во писмена форма. За поголеми непредвидени дефекти давателот на услугата нема да сноси одговорност спрема корисникот на услугата.

Член 5

Давателот на услугата има право да го прекине давањето на било кој од услугите, во случај да не се изврши плаќањето за извршените услуги од страна на корисникот, а без претходно известување до корисникот .

## ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ

Член 6

Корисникот на услугите се обврзува во што е можно пократок временски период обезбеди и постави мерни апарати за секоја услуга на свој трошок.

Член 7

Корисникот е должен да го извести давателот на услугата за евентуалните промени во врска со начинот на користење на услугите, најдоцна 30 (триесет) работни денови пред да бара применување на истите тие промени.

Член 8

Корисникот е должен да го извести давателот за користење на услугите во неработните денови најмалко 24 часа пред настанување на потребата на корисникот.

Член 9

Известувањето во член 7 и член 8 од овој договор ќе произведува правно дејство само доколку е во писмена форма, а потврдени со еден од вобичаените начини на комуникација (потврда за прием на пратка,доставница и слично)

Член 10

За секоја промена на утврдената цена во овој договор ќе одлучуваат двете договорени страни, со анекс кон овој договор склучен во писмена форма.

Член 11

Плаќањето ќе се врши во рок определен во доставената фактура, а на жиро сметката на давателот на услугата при Комерцијална банка Штип.

## ЦЕНА НА УСЛУГАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 12

Цената на услугите изнесува :

1.Санитарна техничка вода 40,00 денари за м3 потрошена вода, зголемена за 2% Надоместок за вода (приход на Фонд за Води на Р.М) и ДДВ 5%.

Член 13

Корисникот на услугите се обврзува да на давателот на услугите му предаде инструмент за обезбедување на плаќање (банкарска гаранција или барирани чекови) и тоа за секој месец поединечно.

Инструментите за обезбедување на плаќање треба да се предават до крајот на тековниот месец за вредноста на договорената и остварена услуга за наредниот месец.

Доколку корисникот на услугите не се придржува кон обврските од став 1 и 2 на овој член, давањето на услугите ќе му биде прекинато.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

Член 14

Се што не е договорено со овој договор, а е во интерес и ги засега двате договорени страни,како и евентуалните спорови, странките се согласни да ги решават спогодбено и во писмена форма во вид на анекс кон овој договор, а во спротивно стварно и месно надлежен е Основен суд Штип.

Член 15

Овој договор има важност од 24 месеци и истиот може да се раскине спогодбено од било која од договорените страни со отказен рок од 30 дена извршен во писмена форма.

Продолжувањето на овој договор може да се изврши со писмена согласност од двете договорени страни кој ќе биде прилог кон овој договор доколку останат сите елементи како што се утврдени и договорени и тоа во текот на последните триесет дена од важноста на овој договор.

Член 16

Овој договор е составен во 4(четири ) истоветни примероци од кои по два за секоја договорена страна.

| | |
|---|---|
| Давател на услугите | Корисник на услугите |
| ------------------------------ | ------------------------------ |